ЗАПИСНИК

од 67-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 30.04.2025 год.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска - раководител, Оливера Димитровска - раководител и Николина Лозановска - советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 64-та седница на Советот на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Записник од 66-та седница на Советот на Општина Новаци;
3. Разгледување и донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.;
4. Разгледување и усвојување на Квартален Извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (комулативно) за квартал од 01.01. до 31.03.2025 год.;
5. Разгледување и усвојување на измена и дополнување на Правилникот за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди;
6. Разгледување и усвојување на измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025 година;
7. Разгледување и донесување на измена и дополнување на Решението за членови во составот на Персоналениот штаб за заштита и спасување во ЕЛС Новаци;
8. Разгледување и усвојување на измена и дополнување на членови во Општинскиот Совет за социјална заштита на Општина Новаци;
9. Разгледување и усвојување на Одлука за усвојување на Барање на Општина Могила, Општина Новаци и Општина Битола за вршење на слободен превоз на патници со пониска цена;
10. Разгледување на Барање за финансиски средства од Здружение на пензионери „Сложни пензионери“ од с. Новаци;
11. Разгледување на Барање од Младинска Граѓанска Акција за финансиска помош наменети за акција за чистење и уредување на јавен простор;
12. Разгледување на Барање од одделот за Неврологија, Клиничка Болница - Битола за набавка на апарати (ЕКГ, монитор и аспиратор);
13. Разгледување на Барање од одделот за Урологија, Клиничка Болница - Битола за набавка на инструменти за работа во операциона сала;
14. Разгледување на Барање од Организациониот одбор на „ПЕЦАК-ПМ 2001“ за финансиски средства за организирање на традиционалниот меморијален фудбалски турнир.
15. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

Пред да се разгледа дневниот ред на 67-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката на Советот, Најдовска Стојковска, зеде збор и пред Советот на Општина Новаци предложи, дневниот ред да се измени со тоа што точка бр. 11 нема да се разгледува поради потреба од дополнителни информациии, а дневниот ред ќе се дополни 7 (седум) точки, од кои 6 точки се на предлог од Комисијата за ЕПП и 1 дополнителна точка која треба неодложно да се разгледа на оваа седница:

1. Разгледување и усвојување на измена и дополнување на Програмата за животна средина на Општина Новаци за 2025 година;
2. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Борис Христовски од с. Новаци, како лице со здравствени проблеми (бр. 08-109/61 од 28.04.2025 г.);
3. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Михаило Мицевски од с. Новаци, како лице со здравствени проблеми (бр. 08-109/58 од 11.04.2025 г.);
4. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Ленче Крстевска од с. Живојно, како лице со здравствени проблеми (бр. 08-109/41 од 03.04.2025 г.);
5. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Лена Апостолова од с. Рибарци, како лице со здравствени проблеми (бр. 08-109/55 од 08.04.2025 г.);
6. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Александра Јолевска од с. Добромири, за нејзината ќерка, како лице со посебни потреби (бр. 08-109/40 од 03.04.2025 г.);
7. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Виолета Јовановска од с. Бач, за нејзиниот син, како лице со посебни потреби (бр. 08-109/47 од 03.04.2025 г.).

Советниците го разгледаа Дневниот ред со предложената измената и дополнување, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 67-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањето е составен од 21 (дваесет и една) точка, со тоа што точката бр. 15-Советнички прашања, преминува во точка бр. 21.

1. **точка** Разгледување и усвојување на Записник од 64-та седница на Советот на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 64-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2. **точка** Разгледување и усвојување на Записник од 66-та седница на Советот на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 66-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

3. **точка** Разгледување и донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.

По однос на третата точка, Раководителот на финасии, Оливера Димитровска зеде збор и накратко пред советниците даде објаснување за измената на распоредот на средствата од буџетот за 2025 год., која се прави поради реализирање на активности во Програмата за ЛЕР, во делот поддршка на младите и функционирање на младински центар во с. Новаци за кој се потребни 300.000,00 ден. и дополнителни финансии за реализирање на активностите во Програмата за животна средина, а се однесува на субвенционирање за набавка на инвертер клима уреди во износ од 1.000.000,00 ден.

По дискусијата советниците со **9 гласа за** донесоа Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година.

**По гласањето на третата точка советникот Наумче Смилевски ја напушти седницата од оправдани причини.*

4. **точка** Разгледување и усвојување на Квартален Извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (комулативно) за квартал од 01.01. до 31.03.2025;

Оливера Димиртовска и по однос на оваа точка зеде збор и пред Советот даде појаснување за финансиската состојба на Општина Новаци во првите 3 месеци од календарската година. По кратката дискусија, се премина на гласање, така што со **8 гласа за** се донесе Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 31.03.2025 година.

5. **точка** Разгледување и усвојување на измена и дополнување на Правилникот за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди

Претседателката Најдовска Стојковска, на Советот им го презентираше Правилникот според кој почитувајќи ги наведените критериуми, ќе се субвенционираат домаќинства во Општина Новаци, за набавка и монтажа на инвертер клима уреди, во замена за огревното дрво, со цел заштита на животната средина и намалување на емисија на штетни гасови.

По дискусија Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Правилник за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди за 2025 година.

6. **точка** Разгледување и усвојување на измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025 година

Поради изработка на стратешки документ т.е изработка на Интегриран локален развој и поради активности за подршка на младите т.е субвенционирање на млади до 26 год. жители на Општина Новаци за полагање на возачки испит за „Б“ категорија, се наметна и потребата од измена и дополнување на Програмата за ЛЕР за 2025 год. - објасни председателката на Совет на Општина Новаци.

По дискусијата со **8 гласа за** Советот донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025 година.

7. **точка** Разгледување и донесување на измена и дополнување на Решението за членови во составот на Персоналениот штаб за заштита и спасување во ЕЛС Новаци;

Горан Велјановски - претседател на Комисијата за мандатни прашања, именување и избори, зеде збор и предложи измена и дополнување на Персоналниот состав со тоа што има замена на еден член со друг член поради пензионирање и додавање на нов член кој поради улогата во Персоналниот состав мора да биде вклучен во истиот.

Советниците со **8 гласа за** го прифатија предлогот на Комисијата и донесоа Решение за измена и дополонување на Решението за именување на Персонален состав на штабот за заштита и спасување во Општина Новаци

8. **точка** Разгледување и усвојување на измена и дополнување на членови во Општинскиот Совет за социјална заштита на Општина Новаци;

И по однос на оваа точка, збор зеде Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, именување и избори и предложи измена и дополнување на Општинскиот совет со тоа што има замена на еден член со друг член поради пензионирање и додавање на нов член, претставник од „Младинска Граѓанска Акција“ со што Општинскиот совет за социјална заштита на Општина Новаци брои 9 членови.

Советниците по дискусијата гласаа така што со **8 гласа за** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на Општински Совет за социјална заштита;

9. **точка** Разгледување и усвојување на Одлука за усвојување на Барање на Општина Могила, Општина Новаци и Општина Битола за вршење на слободен превоз на патници со пониска цена;

Анета Киселоска - раководител, им објасни на советниците дека оваа одлука е донесена од МЈП „Пелалинк“-Битола на барање на општините: Новаци, Могила и Битола како основачи на претпријатието. Советниците беа информирани дека за потребите на општините и настани организираани од нив, ќе се врши превоз со пониска цена од вообичаената и дека услугата е ограничена на 20 патувања на годишно ниво за секоја општина.

Советот по дискусијата гласаше, така што со **8 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Барањето на Општина Могила, Општина Новаци и Општина Битола за вршење на слободен превоз на патници со пониска цена.

10. **точка** Разгледување на Барање за финансиски средства од Здружение на пензионери „Сложни пензионери“ од с. Новаци;

Советниците го разгледаа барањето од новоформираното здружение на пензионери, заедно со доставената програма во кои се наведени програмските активности за 2025 год. Советниците развија дискусија во која советникот Љупчо Петровски преложи финансиската поддршка на здружението да биде во износ од 100 000,00 ден. Овој предлог беше прифатен од страна на Советот така што со **8 гласа за** донесе Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош Здружение на пензионери „Сложни пензионери“, Новаци во висина од 100.000,00 ден.

11. **точка** Разгледување на Барање од одделот за Неврологија, Клиничка Болница - Битола за набавка на апарати (ЕКГ, монитор и аспиратор);

Советниците го разгледаа барањето од одделот за Неврологија, по што се разви дискусија. По дискусијата Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** донесе Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Одделението за Неврологија, Клиничка Болница, Битола со која ќе се набават ЕКГ апарат, Монитор и Аспиратор во висина од 265.000,00 ден.

Претседателката Славица Најдовска Стојковска не учествуваше во гласењето, поради судир на интереси како вработена во Клиничка болница- Битола.

12. **точка** Разгледување на Барање од одделот за Урологија, Клиничка Болница - Битола за набавка на инструменти за работа во операциона сала;

Откако го разгледаа барањето од одделот за Урологија и развија дискусија, Советниците преминаа на гласање и со **7 гласа за** и донесоа Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Одделението за Урологија, Клиничка Болница, Битола за набавка на инструменти во опрационa сала во висина од 97.881,00 денари.

**Претседателката Славица Најдовска Стојковска не учествуваше во гласењето, поради судир на интереси како вработена во Клиничка болница- Битола.*

13. **точка** Разгледување на Барање од Организациониот одбор на „ПЕЦАК-ПМ 2001“ за финансиски средства за организирање на традиционалниот меморијален фудбалски турнир.

Меморијалниот турнир во чест и сеќавање на Пеце Матически, кој загина во воениот конфликт во 2001 год., традиционално се оддржува во с. Новаци, при што за негово организирање Здружението „ПЕЦАК-ПМ 2001“ достави барање за финансиска поддршка во износ од 180.000,00 ден. Претседателот на Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР достави предлог, финансиската помош да изнесува 150.00,00 ден. Предлогот беше усвоен така што со **8 гласа за** Советот на Општина Новаци донесе Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Здружение „ПЕЦАК-ПМ 2001“, од Новаци, за организирање на меморијален турнир во мал фудбал во висина од 150 000,00 ден.

Дополнување:

14. **точка** Разгледување и усвојување на измена и дополнување на Програмата за животна средина на Општина Новаци за 2025 година;

Советниците ја разгледаа Програмата во делот- Предвидени активности и тоа во точка: Воздух и енергетка ефикасност, поради субвенционирањето на домаќинствата од Општина Новаци за набавка и монтажа на инвертер клими. Советниците со **8 гласа за** донесоа Програма за изменување и дополнување на Програмата за животна средина на Општина Новаци за 2025 год.

Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

15. **точка** Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Борис Христовски од с. Новаци, како лице со здравствени проблеми (бр. 08-109/61 од 28.04.2025 г.);

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Борис Христовски од с. Новаци, како лице со здравствени проблеми, така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Борис Христовски од с. Новаци, во висина од 20.000 ден.

16. **точка** Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Михаило Мицевски од с. Новаци, како лице со здравствени проблеми (бр. 08-109/58 од 11.04.2025 г.);

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Михаило Мицевски од с. Новаци, како лице со здравствени проблеми, така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Михаило Мицевски од с. Новаци, во висина од 20.000 ден.

17. **точка** Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Ленче Крстевска од с. Живојно, како лице со здравствени проблеми (бр. 08-109/41 од 03.04.2025 г.);

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Ленче Крстевска од с. Живојно, како лице со здравствени проблеми, така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Ленче Крстевска од с. Живојно, во висина од 10.000 ден.

18. точка Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Лена Апостолова од с. Рибарци, како лице со здравствени проблеми (бр. 08-109/55 од 08.04.2025 г.)

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Лена Апостолова од с. Рибарци, како лице со здравствени проблеми, така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Лена Апостолова од с. Рибарци, во висина од 10.000 ден.

19. точка Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Александра Јолевска од с. Добромири, за нејзината ќерка, како лице со посебни потреби (бр. 08-109/40 од 03.04.2025 г.);

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Александра Јолевска од с. Добромири, за нејзината ќерка Теодора, како лице со посебни потреби, така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Александра Јолевска од с. Добромири, во висина од 20.000 ден.

20. точка Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Виолета Јовановска од с. Бач, за нејзиниот син, како лице со посебни потреби (бр. 08-109/47 од 03.04.2025 г.).

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Виолета Јовановска од с. Бач, за нејзиниот син, како лице со посебни потреби, така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Виолета Јовановска од с. Бач, во висина од 20.000 ден.

21. точка Советнички прашања

Советникот Љупчо Петровски постави прашање до Градоначалникот: „Кога во село Агларци ќе се искоси тревата?“

На ова градоначалникот Стевановски одговори дека активностите за одржувањето на јавните површини во селата ќе продолжат по празникот на трудот „1-ви Мај“ (значи по 2 дена) бидејќи дотогаш се реализираат активности за средување на излетничкото место „Коњарка“ кое ќе биде посетено од бројни излетници по повод празникот. Веднаш потоа ќе биде искосена и тревата во с. Агларци.

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 67-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска